# Македонска Асоцијација на Земјоделски Задруги

ИНФОРМАТОР 10 | ИЗДАДЕНО ОД: Македонска Асоцијација на Земјоделски Задруги | 10[то] издание | Декември, 2021 - Март, 2022




## Одржана работилница за мотивација и поттикнување на женско ”задругарство” во МАЗЗ

## Одржани две онлајн работилници за европски стратегии и инцијативи за е-земјоделство

## Одржана работилница за стратешко планирање на Женската работна група при МАЗЗ

## Одржана обука за дигитален маркетинг наменета за членките на МАЗЗ

## Одржан работен состанок во Струмица помеѓу членки на МАЗЗ и МАП

# Одржана работилница за мотивација и поттикнување на женско ”задругарство” во МАЗЗ



Македонската асоцијација на земјоделски задруги на 22 и 23 декември 2021, во хотел Гардениа, Велес одржа дводневна работилница за поттикнување и мотивација на женско задругарство во МАЗЗ како и подготовка на стратегија за вмрежување со “женски” организации кои работат во сектор земјоделство. Целта на оваа активност е да обезбеди специјализирана обука за членките на МАЗЗ, односно претставнички од земјоделски задруги што би резултирало со зголемено учество на жените членки и управители на земјоделски задруги при МАЗЗ во процесот на креирање и донесување на одлуки внатре во организацијата. Работилницата за поттикнување и мотивација на женско задругарство во МАЗЗ е активност имплементирана во рамките на Институционалниот грант на МАЗЗ и истиот е дел од активностите предвидени во Годишниот план за работа на организацијата кој е поддржан од Цивика мобилитас.






# Одржани две онлајн работилници за европски стратегии и инцијативи за е-земјоделство

Македонската асоцијација на земјоделски задруги во периодот од 28-29 декември 2021, успешно реализираше две онлајн работилници на тема дигитални системи и технологии во земјоделството и европски стратегии и иницијативи за е-земјоделство. Целта на оваа активност е да обезбеди специјализирана обука за членките на МАЗЗ, односно да се обучат минимум 15 млади лица (управители или членки на земјоделски задруги) кои ќе го зголемат нивото на стекнати и применети знаења во секојдневното работење за многубројните предизвици и обврските што произлегуваат во процесот на европската интеграција (либерализација на трговијата, спроведување на нови или изменети закони во земјоделството, исполнување на стандарди во земјоделството, ЗЗП) како и за ракување со дронови во земјоделството, користење на сателитска навигација во земјоделството, презицно земјоделство. И двете активности се предвидени во Годишниот план за работа на организацијата кој е поддржан од Цивика мобилитас.







# Одржана работилница за стратешко планирање на Женската работна група при МАЗЗ




Во периодот од 15-16 февруари 2022 год. во хотел Кристал Палас во Прилеп се одржа работилница каде членките на Женската работна група при МАЗЗ го подготвија својот Стратешки план за делување во наредните 2 години односно ги идентификуваа стратешките приоритети, стратешките цели и ги дефинираа активностите кои ќе им бидат фокус на работа во наредниот период. Целта на оваа активност е јакнење на капацитетите на жените членки во земјоделските задруги за управување и менаџирање, зголемување на мотивацијата за членство и видливост на жените во земјоделските задруги во МАЗЗ како и промовирање на земјоделските задруги како форми на економско здружување и подобрување на економската улога на жените воопшто.

Работилницата за Стратешко планирање беше реализирана во рамките на Институционалниот грант на МАЗЗ поддржан од Цивика мобилитас и истата е дел од активностите предвидени во Годишниот план за работа на организацијата.








# Одржана обука за дигитален маркетинг наменета за членките на МАЗЗ

Во рамките на проектот „Поддршка на поконкурентно и одржливо земјоделство во Северна Македонија“ имплементиран од страна на CARE International а финансиски поддржан од страна на Германската покраина Северна Рајна-Вестфалија, во периодот од 1-3 март 2022 год. во хотел Молика, Битола се одржа дводневна обука на тема: Дигитален маркетинг наменет за членките на Македонската асоцијација на земјоделски задруги. Обуката за Дигитален маркетинг беше фокусирана на проширување и интензивирање на користењето на дигиталниот маркетинг во земјоделските задруги за да им овозможи на членките на МАЗЗ вештини за зголемување на видливоста на нивните операции и производи кон потенцијалните клиенти. Финален резултат од обуката беше членките да се стекнат со компетенции за ефективно привлекување нови клиенти, за одржување на односите со нивните постоечки клиенти како и за поттикнување профитабилни акции!







# Одржан работен состанок во Струмица помеѓу членки на МАЗЗ и МАП



Македонската асоцијација на земјоделски задруги (МАЗЗ) заедно со Македонската асоцијација на преработувачи (МАП) на 9 март 2022 година во хотел Сириус, Струмица организираа работен состанок за промоција и воспоставување на договорно производство помеѓу задругите членки на МАЗЗ и преработувачките капацитети членки на МАП. На состанокот присуствуваше и г-дин Трајан Димковски претставник од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Активноста е дел од проектот „Поддршка на поконкурентно и одржливо земјоделство во Северна Македонија" имплементиран од страна на CARE International а финансиски поддржан од страна на Германската покраина Северна Рајна-Вестфалија. Целта на оваа активност е да ги подобри и зајакне врските на синџирот на снабдување со примена на моделот на договорно земјоделство. Понатаму, тоа ќе мотивира поблиски односи меѓу земјоделските задруги и преработувачите и ќе придонесе кон стабилизирање на движењето на стоките во ланецот на снабдување. Дополнително активноста ќе придонесе за поттикнување на позитивни социјални промени во земјоделскиот сектор односно да се зголеми свеста на фармерите за придобивките од економското здружување во земјоделството и да се создаде подобра идеја за содржината и формата на функционална соработка во земјоделските задруги како придонес фармерите да го разберат моделот на договорно земјоделство и воспоставување на ланци за снабдување со овошје и зеленчук.





# Назив на грант:
# **„Институционално јакнење на ЗМАЗЗ“**

Годишниот план за работа на ЗМАЗЗ е поддржан од
**Цивика мобилитас**

Времетраење на грант: **24 месеци**
1 година (Г1): **01.07.2020-30.06.2021**
2 година (Г2): **30.06.2021-30.06.2022**

Висина на грант
Г1: **1.746.500 МКД**
Г2: **1.700.000 МКД**

Целосен износ на грант: **3.446.500 МКД**

## Контакт

**ЛИЦЕ ЗА КОНТАКТ**
Мартин Мицевски – Генерален секретар
Тел: 072 / 273 567
Е- мејл: m.micevski@mazz.mk

## Извршна канцеларија

**Адреса: ул. “Јордан Мијалков” бр. 38/1**
**1000 Скопје,**
**Република Северна Македонија**

**Телефон: 02 / 314 830**
**070 / 290 853**

**Е-мејл: mazz@mazz.mk**
**Веб сајт: www.mazz.mk**

**Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Македонската асоцијација на земјоделски задруги и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат**